Република Северна Македонија
Национална установа - Центар за култура
"АЦО ШОПОВ"
Бр. 04-82/1
26 01 2024
Штип

Врз основа на член 22 став (1) точка (1) и (2), став (2), (3) и (4) и член 23 од Законот за работни односи („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 149/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/19 и 267/20), член 20-г и член 22 став (1) алинеја (2) од Законот за вработените во јавниот сектор (Сл.весник на РМ бр.27/14, 199/14, 27/16 и 35/18), член 76 став (2) од Законот за култура („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18), а во врска со Одлуката за објавување на јавен оглас бр.04-81/1 од 26.01.2024 година и Согласноста од Министерството за финансии за обезбедени финансиски средства бр. 18-14451/2 од 12.01.2024 година, директорот на НУЦК „АЦО ШОПОВ" - Штип објавува:

## ЈАВЕН ОГЛАС ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ БР.01-2024

Национална установа -Центар за култура „АЦО ШОПОВ" - Штип има потреба од вработување на 2 (две) лица административни службеници во културата на определено време до 31.12.2024 година за следниве работни места:

1. **Работно место под реден број 1: Советник за административни, општи и правни работи, еден (1) извршител со шифра на работно место КУЛ 0102В010002;**

**Општи услови кои треба да ги исполнува кандидатот се:**

- да е државјанин на Република Северна Македонија;
- активно да го користи македонскиот јазик;
- да е полнолетен;
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

**Посебни услови:**

- стручни квалификации: ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен, правни науки;
- Работно искуство: најмалку три години работно искуство во струката

**Посебни работни компетенции**

- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски) и
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

**Почеток и завршеток на дневно работно време :** 08-16 часот

- **Почеток и завршеток на неделно работно време :** понеделник 08 часот -петок 16 часот
- **Распоред на работно време:**
  - Работни денови: понеделник - петок
  - Работни часови неделно 40

- Работно време од 08:00 до 16:00

**Месечна нето плата без минат труд:** 42.757,00 денари

2. **Работно место под реден број 2: Советник – главен сметководител, еден (1) извршител со шифра на работно место КУЛ 0102В010006;**

**Општите услови кои треба да ги исполнува кандидатот се:**

- да е државјанин на Република Северна Македонија;
- активно да го користи македонскиот јазик;
- да е полнолетен;
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

**Посебни услови:**

- стручни квалификации: ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен, економски науки;
- Работно искуство: најмалку три години работно искуство во струката;

**Посебни работни компетенции**

-активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски) и

-активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

**Почеток и завршеток на дневно работно време :** 08-16 часот

**- Почеток и завршеток на неделно работно време :** понеделник 08 часот - петок 16 часот

**- Распоред на работно време:**

- Работни денови: понеделник-петок
- Работни часови неделно 40
- Работно време од 08:00 до 16:00

**Месечна нето плата без минат труд:** 42.757,00 денари

**Кандидатите кон пријавата за работните места под реден број 1 и 2 треба да ги приложат следните документи:**

-Уверение за државјанство ( не постаро од 6 месеци)

-Диплома за завршено образование или уверение, оргинал или копија заверена кај нотар

-Доказ за работно искуство најмалку три години во струката

-Потврда дека не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност (не постара од 6 месеци)

-Лекарско уверение за општа здравствена состојба на кандидатот (не постаро од 6 месеци)

- Доказ за познавање на еден од најчесто користени јазици на Европската унија

- Доказ за познавање на компјутерски програми за канцелариско работење

Сите документи треба да бидат доставени во оригинал или преписи заверени на нотар. Некомплетно или ненавремено поднесени документи нема да се разгледуваат.

**Рокот за пријавување на кандидатите за работните места под реден број 1 и 2 е 5 (пет) работни дена сметано од денот на објавување во дневниот печат.**

Постапката за селекција за вработување се состои од административна селекција за проверка на веродостојноста на доставените податоци и доказите доставени на јавниот оглас за работните места под број 1 и 2.

**Изборот на кандидатот ќе го изврши директорот на НУЦК„АЦО ШОПОВ“-Штип во рок од 8 (осум) дена за работни места под број 1 и 2**, и писмено ќе ги извести кандидатите кои се пријавиле на огласот.

При поднесувањето на пријавата кандидатот го наведува бројот на работното место за кое се пријавува.

**Пријавата за вработување за сите работни места содржи:**

-Податоци за кандидатот (име и презиме, матичен број на граѓанинот, датум и место на раѓање, адреса и место на живеење, електронска адреса на кандидатот, контакт телефон),

-Изјава за исполнување на општите услови за работното место со наведување ДА/НЕ за секој услов одделно;

-Изјава за исполнување на посебните услови за работното место со наведување ДА/НЕ за секој услов одделно;

Пријавата за јавниот оглас за сите работни места може да се подигне од архивата на Национална установа - Центар за култура „АЦО ШОПОВ“ - Штип.

Пријавите со потребните документи да се достават до архивата на Национална установа - Центар за култура „АЦО ШОПОВ“ - Штип или на адреса: Национална установа -Центар за култура „АЦО ШОПОВ“ - Штип, ул.„Тошо Арсов“ б.б. 2000, Штип , тел. за контакт 078 412895, лице за контакт Сабина Асанова.

**НУЦК”АЦО ШОПОВ”-Штип**
**Директор**
**Горан Трајков**

Република Северна Македонија
Национална установа - Центар за култура
„АЦО ШОПОВ“
Штип